ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА "СКОПЈЕ"
Бр. 03-795/5
18.08 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 156,157,став 1 точка 1, 158,159,160 од Законот за здравствена заштита (сл.весник на РМ бр.43/12, 145/12, 87/13, 39/14, 43/14, 10/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) ,Согласност за вработување од Министерство за финансии бр. 18-10978/2 од 03.08.2016 година, Одлука за објавување на јавен оглас бр.04-795/4 од 18.08. 2016 година В.Д.Директорот на ЈЗУ Психијатриска болница ,,Скопје,, - Скопје објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС

## За вработување на 2 (два) доктори на медицина и 3 (три) медицински сестри/техничари на неопределено време

1. ЈЗУ Психијатриска болница ,,Скопје,,- Скопје има потреба за вработување на 2 (два) доктори на медицина и 3 (три) медицински сестри/техничари на неопределено време.
2. Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени со Законот за здравствена заштита:
   - Лицето да е државјанин на Р.Македонија,
   - Да е полнолетен,
   - Да има општа здравствена способност,
   - Да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност не постара од 6 месеци.
3. Покрај со Закон утврдени општи услови од точка 2 кандидатите за **Доктори на медицина** треба да ги исполнуваат следните **посебни услови:**
- Завршено високо образование VII/1 или 240 кредити според ЕКТС медицински факултет - доктор на медицина,
- Положен стручен испит,
- Лиценца за работа,
- Познавање на еден светски јазик (англиски,француски или германски )
- Со и без работно искуство.
4. Неделното работно време изнесува 40 часа. Основна нето плата за Доктор на медицина изнесува 25.117,00 денари.
5. Покрај со Закон утврдени општи услови од точка 2 кандидатите за **Медицински сестри/техничари** треба да ги исполнуваат следните **посебни услови:**
- Средно медицинско образование- медицинска сестра/техничар (ССС- IV степен)
- Положен стручен испит.
- Со и без работно искуство.
6. Полно работно време-работа во смени. Основна нето плата за медицински сестри/техничари изнесува 15.978,00 денари.
7. Во прилог на пријавата кандидатите за Доктор на медицина се должни да ги достават следните документи:
- Пријава со податоци за контакт
- Кратка биографија (CV)
- Диплома со просечен успех
- Уверение за државјанство на РМ

- Лекарско уверение не постаро од 6 месеци
- Уверение дека не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност,
- Уверение за завршен медицински факултет
- Уверение за положен стручен испит
- Лиценца за работа.

Сите потребни документи да бидат во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

8. Во прилог на пријавата кандидатите за медицински сестри/техничари се должни да ги достават следните документи:
- Пријава со податоци за контакт
- Кратка биографија (CV)
- Диплома со просечен успех или уверенија/сведителства за завршено образование од сите години
- Уверение за државјанство на РМ
- Лекарско уверение не постаро од 6 месеци
- Уверение дека не е изречена со правосилна одлука забрана на вршење на професија, дејност или должност,
- Уверение за положен стручен испит.

Сите потребни документи да бидат во оригинал или фотокопија заверена на нотар.

9. Рокот за пријавување на јавниот оглас е 7 (седум) работни дена од денот на објавувањето.

10 Ненавремена, нецелосна и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување од страна на Комисијата за селекција на кандидати.

11. По извршената селекција на пријавените кандидати од точка 3 кои ги исполнуваат условите согласно јавниот оглас, ќе биде спроведен квалификационен испит согласно член 160 став 2 од Законот за здравствена заштита и за пријавените кандидати од точка 5 кои ги исполнуваат условите согласно јавниот оглас, ќе биде спроведен стручен дел (тест) согласно член 160 ст.3 од Законот за здравствена заштита.

12. Пријавата со целокупната потребна документација и телефон за контакт, да се доставаат до ЈЗУ Психијатриска болница ,,Скопје,,- Скопје, ул. Пролетерска ББ, по пошта или во архивата на ЈЗУ Психијатриска болница ,,Скопје,,- Скопје, со назнака за јавен оглас за вработување. Документите во Архивата на болницата да се доставуваат од 07.00 до 14.00 часот. Телефон за контакт: 3095-603, 3095-608.

**В.Д.Директор,**
М-р.сци.Камиљ Ковачи
дипл.економист

ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ПСИХИЈАТРИСКА БОЛНИЦА „СКОПЈЕ" СКОПЈЕ